Трговско радиодифузно друштво
24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

| Примено: | 31-05.22 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 320 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
УП1 Бр. 08-13
27.08.2022 година
Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-2108/2 од 27.05.2022 година, а постапувајќи по писменото Барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 година (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 година), на 21-та седница одржана на 27.05.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс**

1. СЕ ОДБИВА писменото Барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (наш арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1. претежно забавен општ формат, 2. претежно информативен општ формат и 3. општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.
2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Оваа Одлука е конечна.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 20.01.2022 г., доставено е писмено Барање од заинтересирана страна, Трговското радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс - <u>(Прилог бр.1 кон оваа Одлука).</u>

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Согласно член 70 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) Агенцијата ќе донесе одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, во согласност со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, како и во согласност со студијата од ставот (4) на овој член.

Во врска со доставеното предметно писмено барање од заинтересирана страна, а во согласност со член 70 став 1 од ЗААВМУ, од страна на Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи до Секторот за правни работи и јавни набавки беше доставено Известување (Уп1 бр.08-337/1 од 25.01.2022 година), дека согласно Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс, во однос на капацитетот на дигиталните терестријални мултиплекси наменети за емитување на телевизиски програмски сервиси постојат технички можности, односно има простор за дополнителен сервис за телевизиско емитување - (Прилог бр.2 кон оваа Одлука).

Агенцијата на 26.01.2022 г. до подносителот на писменото барање, заинтересираната страна испрати Допис – Известување (наш Уп1 бр.08-13), со кој го извести за преземените дејствија од страна на Агенцијата согласно пропишаната постапка во ЗААВМУ (Прилог бр.3 кон оваа Одлука).

Воедно, Агенцијата на 03.02.2022 г. до Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (А1 Македонија), како оператор на дигиталните терестријални мултиплекси испрати Допис-Барање за доставување информација, (наш Уп1 бр.08-13), дали А1 Македонија е во состојба технички веднаш да почне со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво - (Прилог бр.4 кон оваа Одлука), примено од страна на А1 Македонија на 03.02.2022 г. По однос на доставеното барање за информација, од страна на А1 Македонија на официјалната електронска е-маил адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) на 04.02.2022 г. беше доставено Известување: Одговор на доставено барање бр.08-13 од 03.02.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13) дека А1 Македонија како оператор на дигиталните терестријални мултиплекси има техничка можност да започне со дигитално терестријално емитување на еден дополнителен телевизиски сервис на државно ниво, меѓутоа дека предуслов за реализација било ТВ станицата да набави соодветен модел на енкодер и да обезбеди транспорт на IP сигнал. (Прилог бр.5 кон оваа Одлука). Воедно, до Агенцијата од страна на А1 Македонија, на 16.02.2022 г. беше доставено и официјално Известување-Доставување на побарана информација, (бр.10-922/1), со истата погоренаведена содржина. (Прилог бр.6 кон оваа Одлука).

Во член 70 став 4 од ЗААВМУ пропишано е дека доколку согласно со Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс се утврди дека има слободни капацитети, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

Согласно член 70 став 5 од ЗААВМУ, доколку студијата од ставот (4) на овој член се изработува заради објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување, по писмено барање од заинтересирана страна, Агенцијата е должна истата да ја изработи во рок од три месеци од денот на приемот на барањето и да ја објави на својата веб страница.

Агенцијата, согласно Законот за јавните набавки (ЗЈН), започна постапка за избор на специјализирана агенција којашто ќе ја изработи Студијата со која ќе се утврди дали постои оправданост за објавување конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Согласно член 70 став 5 од ЗААВМУ, законскиот рок од 3 (три) месеци за изработка и објава на Студијата на веб страницата на Агенцијата, сметано од денот на приемот на писменото Барање за доделување на дозвола од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (20.01.2022 г.), истекуваше на 20.04.2022 г.

Имајќи го предвид текот на постапката за јавна набавка за избор на економски оператор кој ќе ја изработи Студијата, односно фактот дека постапката беше два пати поништена од објективни причини (затоа што беа доставени неприфатливи понуди согласно ЗЈН) и предметната Студија не можеше да биде изработена и објавена на веб страницата на Агенцијата во законски предвидениот рок (заклучно со 20.04.2022 г.), од

страна на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски до Советот на Агенцијата на 13.04.2022 г. беше доставена Информација во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, Уп1 бр.08-13 од 13.04.2022 г. (Прилог бр.7 кон оваа Одлука).

Согласно член 9 од Законот за општата управна постапка - ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките. Согласно член 94 став 1 од ЗОУП, освен кога е изречно забрането со закон, јавниот орган може еднаш да го продолжи рокот од член 93 став (1)[2] од овој закон, ако сложеноста на предметот тоа го оправдува. Продолжувањето е допуштено за периодот што е потребен да се заврши постапката, во зависност од сложеноста на предметот, но не може да биде подолго од 30 дена (став 2). Продолжувањето на временскиот рок и новиот датум на неговото истекување се соопштува на странката во првичниот рок и треба да се даде соодветната причина за истото (став 3).

Во врска со претходно наведеното, Советот на Агенцијата, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 г., во однос на Информацијата, Уп1 бр.08-13 од 13.04.2022 г., врз основа на член 94 од ЗОУП, а во врска со член 9 од истиот Закон, донесе Заклучок арх.бр.02-1682/3 од 15.04.2022 г. (Прилог бр.8 кон оваа Одлука), рокот за изработка и објава на Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс да се продолжи за 30 дена, односно заклучно со 20.05.2022 г. и продолжувањето на рокот за изработка и објава на Студијата, новиот датум на неговото истекување и соодветната причина, да и се соопштат на странката во првичниот рок односно заклучно со 20.04.2022 г.

Согласно член 94 став 3 од ЗОУП, Агенцијата до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 15.04.2022 г. достави Известување, Уп1 бр.08-13 (Прилог бр.9 кон оваа Одлука), со кое на радиодифузерот му беше соопштено продолжувањето на рокот за изработка и објава на Студијата за 30 дена, новиот датум на неговото истекување (20.05.2022 г.) и соодветната причина за истото. Известувањето, Уп1 бр.08-13 од 15.04.2022 г. беше примено од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 18.04.2022 г.

Во рокот предвиден за изработка и објава на Студијата (20.05.2022 г.), продолжен согласно ЗОУП, специјализирана агенција избрана согласно ЗЈН ја изработи Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.) - (Прилог бр.10 кон оваа Одлука), која на 20.05.2022 година беше доставена во архивата на Агенцијата и објавена на веб страницата на Агенцијата[3].

Во Студијата во делот „ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ" е наведено дека „Анализата на постојната медиумска понуда покажа недостаток на разновидност и на програмските формати на телевизиите и на посебните видови програми што тие ги емитуваат. Од вкупно 43 комерцијални телевизии, само една емитува програмски сервиси од специјализиран формат, додека останатите емитуваат програмски сервиси од општ формат. Сите пет телевизии што емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс имаат ист програмски формат - општ со претежно забавна функција. Оттука, евидентна е потребата од специјализирани програмски формати, особено оние што ќе емитуваат филмска, спортска и образовна (документарна) програма. Програмски сервиси кои би придонеле кон поголема разновидност на понудата би биле специјализирани програмски сервиси и тоа филмски, спортски или образовни односно документарни. Следствено на тоа, а имајќи предвид дека подносителот на предметното писмено барање е заинтересиран за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), наводите од оваа студија покажаа дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1. претежно

[2]Управната постапка во прв степен, поведена по барање, освен кога е поинаку предвидено со закон, се завршува во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на нејзиното поведување.
линк за студијата: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/05/Studija-za-opravdanost_20.05.2022.pdf

забавен општ формат, 2. претежно информативен општ формат и 3. општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции.

Членот 70 став 7 од ЗААВМУ, пропишува дека доколку со студијата од став 4 на член 70 од истиот Закон се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од став 1 на член 70 од истиот Закон.

Во врска со сето погоре образложено, согласно член 70 став 7 од ЗААВМУ, а имајќи предвид дека со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување конкурс за телевизиски програмски сервиси со: 1. претежно забавен општ формат, 2. претежно информативен општ формат и 3. општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, Советот на Агенцијата на 21-та седница одржана на 27.05.2022 г., го разгледа и усвои Предлогот Уп1 бр.08-13 од 25.05.2022 г., поднесен од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата (Прилог бр.11 кон оваа Одлука), за донесување на одлука со која ќе се одбие Барањето за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.).

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[4] од ЗААВМУ, во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата и Заклучокот арх.бр.02-2108/2 од 27.05.2022 г. (Прилог бр.12 кон оваа Одлука), а постапувајќи по писменото Барање од заинтересираната страна, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 г. (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.), за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, на 21-та седница одржана на 27.05.2022 г., донесе одлука со која се одбива писменото Барање од заинтересирана страна ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси со претежно информативен општ формат и општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

---

[4] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Прилози (12):

1. Барање од заинтересирана страна, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-24/1 од 13.01.2022 година (наш Уп1 бр.08-13 од 20.01.2022 г.);
2. Известување од Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи (Уп1 бр.08-337/1 од 25.01.2022 г.);
3. Известување од Агенцијата до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (Уп1 бр.08-13 од 26.01.2022 г.);
4. Допис-Барање за доставување информација од Агенцијата до Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (Уп1 бр.08-13 од 03.02.2022 г.);
5. Известување: Одговор на доставено барање бр.08-13 од 03.02.2022 г. од Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје до Агенцијата (Уп1 бр.08-13 од 04.02.2022 г.);
6. Известување-Доставување на побарана информација од Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје до Агенцијата, бр.10-922/1од 16.02.2022 г.;
7. Информација од Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку пренесен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, Уп1 бр.08-13 од 13.04.2022 г.;
8. Заклучок од 15-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 15.04.2022 г., арх.бр.02-1682/3 од 15.04.2022 г.;
9. Известување од Агенцијата до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.08-13 од 15.04.2022 г., примен од страна на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 18.04.2022 г.;
10. Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.03-2051/3 од 20.05.2022 г.);
11. Предлог на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски Уп1 бр.08-13 од 25.05.2022 г.;
12. Заклучок од 21-та седница на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-2108/2 од 27.05.2022 г.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Директорот на Агенцијата;
- сите сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).